ку на европска.

ПИСМА

# Колку Албанка, толку и Влаинка

**(Повод: Колумната на Теута Арифи „За Ањезе", „Дневник", 2 февруари)**

Со внимание ја препрочитав Вашата колумна. Но, кај мене се наметна прашањето дали и Вие на сличен начин не ги парафразирате констатираните тенденции. Се сомневам дека интелектуалец како Вас, не е можно да нè забележува дека „скопјанката", Мајка Тереза има карактеристично световно име и презиме, Гонџа Бојаџиу. Во тој смисол, ако е факт дека таа е Албанка од Скопје, Албанка од Македонија со католичка вероисповед, факт е и дека таа имала двајца родители со различно етничко потекло. Не е за коментирање дека по мајка е Албанка. Но, по татко таа е со влашка етничка припадност со карактеристично влашко презиме Бојаџиу, односно таа е исто толку Влаинка (Цинцарка) онолку колку што е Албанка.

Да бидеме искрени, етносот на Мајка Тереза не е баш затскриен! Вие тоа го констатирате од Вашата перспектива на гледање. Дека не е така можеше да се увериме од искажаното на свеченото отворање, од натписите и документите во спомен-куќата. Затскриен е, а и Вие го заскривате влашкиот етност на Гонџа Бојаџиу (чудно, зошто на ова не реагираат здруженијата на Власите), кој сам по себе се изнедрува од карактеристичноста на презимето.

За Ваша информација треба да знаете дека домот на Гонџа Бојаџиу, Мајка Тереза бил на ул. Папакочина 31, (падежна форма на називот на улицата) во Скопје во близина на фотостудио „Бимбо 2", во Градскиот трговски центар (констатирано од планот на Скопје од тоа време). Според тоа месинганата плоча на асфалтот за наводното место на нејзината куќа е дезинформација на градските власти.

Во сè друго Ве подржувам и се согласувам со Вас и би сакал за Вашите констатации за „кичот" да даде поттик и кураж на стручни од областа на архитектурата (пред да им ги одземат дипломите и овластувањата спрема предлогот на авторот на „кичот", „Нова Македонија" 30 јануари 2009), јавно да се произнесат за архитектонските, естетските и ликовните вредности за екстериерот и интериерот на Домот на Мајка Тереза.

ТАШКУ БОЈАЏИУ, БИТОЛА

# Добра соработка

**(Повод: „Правен поредок на терен", „Дневник", 17 февруари)**

Во врска со писмото од Нуредин Исејновски, комунален инспектор во Град Скопје, посочуваме дека Град Скопје ги поддржува напорите на Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешна контрола за побрзо расчистување на инцидентот во врска со случајот на комуналниот инспектор.

Воедно напоменуваме дека Инспекторатот на Град Скопје досега имал извонредна соработка со полициските